РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРУШЕВО
Бр. 03-588/5
09. 08. 2016 год.
КРУШЕВО

Општина
КРУШЕВО

Врз основа на Договорот за соработка помеѓу Агенцијата за вработување на РМ (АВРМ), Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и општина Крушево, Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2016, Програмата Општинско – корисна работа, општина Крушево и Агенцијата за вработување на Република Македонија на ден 10.08.2016 година објавуваат:

**Ј А В Е Н   О Г Л А С**

**до**

**евидентирани невработени лица за вклучување во**

**Програмата Општинско - корисна работа**

Се повикуваат сите евидентираните невработени лица кои се заинтересирани да се вклучат во програмата Општинско-корисна работа, проект "Поддршка на заедницата и подобрување на квалитетот на живот на граѓаните на Општина Крушево" за работно ангажирање со скратено работно време за период од 6 (шест) месеци заради стекнување на вештини и постепено вклучување на пазарот на труд, да се пријават во Агенција за вработување-Центар за вработување Крушево.

Евидентираните невработени лица кои ќе бидат вклучени во Програмата „Општинско-корисна работа" ќе бидат работно ангажирани со скратено работно време со 20 (дваесет) работни часови неделно, при што за време на работниот ангажман од 6 (шест) месеци статусот на невработените лица останува непроменет, а на невработените лица-корисници на социјална помош за времетраење на работниот ангажман ќе им биде активно правото на користење на социјална помош.

За кандидатите кои ќе бидат избрани и вклучени во Програмата Општинско-корисна работа се предвидува паричен надоместок во висина од 6.200,00 денари, што вклучува персонален данок на доход и осигурување од случај на несреќа при работа и професионално заболување.

Евидентираните невработени лица кои ќе се пријават за учество во Програмата Општинско-корисна работа треба да припаѓаат на една од следните целни групи невработени лица:

**- млади лица до 29 години со ниски квалификации**

**- самохрани родители**

**- невработени лица евидентирани во АВРМ најмалку 1 година**

**- млади невработени лица евидентирани во АВРМ најмалку 6 месеци**

**- родители на 3 и повеќе деца**

со следниве квалификации и занимања: **завршено ССС или ВСС**

Работните позиции кои се опфатени со овој оглас се однесуваат на ангажирање на :

- **едукатор за деца од претшколска возраст – 6 извршители**

Заинтресираните невработени лица Пријави за учество во Програмата „Општинско-корисна работа“ можат да подигнат и поднесат во Агенција за вработување- Центар за вработување Крушево во периодот од 10.08.2016 година до 23.08.2016 година.

Поконкретните услови, права и обврски ќе бидат уредени со склучување на Договор помеѓу општина Крушево и избраните кандидати.

Детални информации за Програмата „Општинско-корисна работа“ можат да се добијат во општина Крушево кај лицето Елена Илиеска, Општински координатор за Програмата „Општинско-корисна работа“, Агенција за вработување- Центар за вработување Крушево кај лицето Соња Чонеска, Центар за социјлна работа Крушево кај лицето Живка Талевска.

Општина Крушево
Градоначалник,
Ѓорги Дамчески

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРУШЕВО
1